Бр./Nr 12-472/6
01-07-2026 г./v.



Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 33-та седница одржана на 11.06.2026 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот број 12-3480/1 од 31.12.2025 година, оформен по пријава со наводи за сомневање за неправилности при спроведување на постапка за селекција и вработување на работно место „Советник – Државен ----- по јавен оглас број ---/2025, во Министерството -------, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување од причина што за предметниот случај постапиле други надлежни органи кои не утврдиле неправилности.

Предметот со број 12-3480/1 од 31.12.2025 година да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

До Државната комисија за спречување на корупцијата од страна на познат подносител, на ден 31.12.2025 година, е поднесена пријава со наводи за незаконитости при спроведувањето на постапката за вработување по јавен оглас број ---/2025, објавен од Министерството ------, по што за истата е оформен предмет број 12-3480/1.
Во пријавата се изнесени наводи за неправилности при спроведување на постапката за селекција и вработување на работно место „Советник – -------“, спроведена по јавен оглас број ---/2025, објавен од Министерството --------.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Во пријавата се изнесуваат наводи за системски и суштински неправилности во спроведената постапка за селекција и вработување, со кои, според подносителот, се доведува во прашање законитоста, транспарентноста и еднаквиот третман на кандидатите. Имено, подносителот наведува дека при бодувањето на формалното образование и биле доделени 15,82 бода од можни 30, при што не биле соодветно разгледани и вреднувани нејзините дипломи за магистер и доктор по социолошки науки. Понатаму, се укажува дека за неформалното образование не и биле доделени бодови, иако доставила повеќе сертификати, обуки, признанија и други релевантни докази, како и дека не биле земени предвид нејзините стручни достигнувања, вклучително и објавена книга.

Дополнително, во однос на работното искуство, подносителот наведува дека и биле доделени 2 бода од можни 5, и покрај тоа што има повеќе од 30 години работен стаж во областа на образованието. Во третата фаза – интервју, според наводите, и покрај дадени јасни и аргументирани одговори, доделените бодови биле несразмерни, произволни и неосновани. Во пријавата исто така се истакнува дека не била вреднувана трајната лиценца за државен ----- (бр. ------ од 13.05.2022 година), која, според подносителот, претставува суштинска и релевантна квалификација за работното место.

Постапувајќи по наводите во пријавата, Државната комисија се обрати до Државниот управен инспекторат со барање за вршење на инспекциски надзор, како и до Агенцијата за администрација за доставување на релевантна документација.

Од доставениот Записник Ип1 бр. ---- и Ип1 бр. ---- од 19.03.2026 година од извршен вонреден инспекциски надзор од страна на Државниот управен инспекторат, извршен во Агенцијата за администрација и Министерството за образование и наука, е утврдено дека постапката за вработување по јавниот оглас број ---/2025 е спроведена согласно Законот за административни службеници и подзаконските акти кои ја уредуваат оваа материја, при што не се констатирани неправилности во спроведувањето на постапката.

Исто така, од страна на надлежниот инспекциски орган е констатирано дека сите фази од постапката за селекција се спроведени од страна на Комисијата за селекција, која согласно закон е надлежна да се грижи за законитоста на постапката.

Дополнително, од доставениот одговор од Агенцијата за администрација произлегува дека постапката за вработување е спроведена согласно законските одредби, при што е формирана Комисија за селекција и се спроведени сите фази на селекција (административна селекција, испит и интервју), за кои се изготвени соодветни записници. Подносителот на пријавата учествувал во сите три фази од постапката, но не бил прворангиран во конечната ранг листа поради помалиот број на добиени бодови по спроведувањето на третата фаза – интервју. Воедно, Агенцијата за администрација по однос на истите наводи веќе постапувала по претставка поднесена од подносителот и доставила соодветен одговор.

Имајќи предвид дека по конкретните наводи е постапено од страна на надлежни органи во рамки на нивните законски надлежности и дека со извршените постапки не се утврдени неправилности, Државната комисија оцени дека не постојат елементи за понатамошно постапување од аспект на нејзините надлежности.

При ваква фактичка и правна состојба, Државната комисија оцени дека се исполнети условите за запирање на постапката, поради што одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Претседател,**

**Адем Чучуљ**

Изготвил: м-р Ф.О., Советник
Согласен: м-р И.П., Раководител на сектор
Одобрил: З.Б., Член на ДКСК

Доставено до:
- подносителот на пријавата